**20090941809**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 48 став 1 алинеја 4 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПРОМЕНИ НА ВОЗИЛАТА ШТО НЕ ЗНАЧАТ ПРЕПРАВКА И ПОПРАВКА И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ЕВИДЕНТИРАЊЕ, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ПОТВРДАТА ЗА ВГРАДУВАЊЕ

## I.ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат промените на возилата што не значат преправка и поправка и начинот на нивното евидентирање, како и формата и содржината на образецот на потврдата за вградување.

## II. ПРОМЕНИ НА ВОЗИЛАТА ШТО НЕ ЗНАЧАТ ПРЕПРАВКА И ПОПРАВКА И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ЕВИДЕНТИРАЊЕ

Член 2

За промени на возилата што не значат преправка и поправка и начинот на нивното евидентирање (во натамошниот текст: промени) се смета:

- вградување на дополнителни светла (вдвоени, светла за магла и др.);
- вградување на сончев кров;
- вградување на сигурносни стакла;
- вградување на сигурносни ремени и
- вградување на друг вид на одделни системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема кои претходно не биле вградени на возилото, а нивното вградување не претставува преправка и поправка согласно закон.

Член 3

Промени се вршат само ако за одделните системи, составните делови, самостојните технички единици и опремата кои се вградуваат е издадено одобрение согласно закон.

Член 4

Одделните системи, составните делови, самостојните технички единици и опремата од член 3 од овој правилник може да се вградат при промените, доколку во одобрението од членот 3 од овој правилник се наведени идентични податоци како што се податоците во одобрението за вградените системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема за возилото кога истото било произведено.

Член 5

За извршените промени, правното или физичко лице што е регистрираното за одржување и поправка на возила води рачна и електронска евиденција.

## III. ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ПОТВРДАТА ЗА ВГРАДУВАЊЕ

### Член 6

Потврдата за вградување е дадена во Образецот бр. 1 кој е изработен во бела боја на А4 формат и содржи податоци за:

- регистрираното правно или физичко лице кое ја извршило промената на возилото која треба да се евидентира;
- број на потврдата за извршените евидентирани промени согласно Законот за возила;
- податоци за сопственикот на возилото, и тоа: име и презиме на физичкото лице, односно назив на правното лице, како и адреса на сопственикот;
- податоци за возилото, и тоа: регистарски број, вид, марка, тип, број на шасија (VIN), тип на мотор, година на производство, како и силина на моторот (kW) и
- податоци за промените, и тоа: опис на промената на компонентите (составниот дел, самостојната техничка единица и опремата), податоци за компонентите кои се нововградени и за одобренијата за нововградените компоненти, како и податоци за одобренијата за основно (фабрички) вградените компоненти кои се заменети.

Во долниот дел од Потврдата од став 1 на овој член предвидено е место за напомена дека кон потврдата се приложуваат документи за идентификација на одобренијата за компонентите кои се нововградени и за одобренијата за основно (фабрички) вградените компоненти кои се заменети, како и датум на издавање, место за печат и потпис на овластено лице.

### Член 7

Образецот бр. 1 е составен дел на овој правилник.

## IV. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

### Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 14.1-49265/1
24 јули 2009 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкуловска**, с.р.

Образец бр.1

____________________________________________________________________

Податоци за регистрираното правно или физичко лице кое ја извршило евидентираната промена на возилото

# ПОТВРДА ЗА ВГРАДУВАЊЕ бр. ________________

**за извршени евидентирани промени согласно Закон за возила**

| | | |
|---|---|---|
| **1. Податоци за сопственикот на возилото** | | |
| 1.1. | Име и презиме на физичко лице/Назив на правно лице | |
| 1.2. | Адреса | |
| **2. Податоци за возилото** | | |
| 2.1. | Регистарски број | |
| 2.2. | Вид | |
| 2.3. | Марка | |
| 2.4. | Тип | |
| 2.5. | Број на шасија (VIN) | |
| 2.6. | Тип на мотор | |
| 2.7. | Година на производство | |
| 2.8. | Силина на моторот [kW] | |
| **3. Податоци за промените** | | |
| 3.1. | Опис на промената на компонентите (составниот дел, самостојната техничка единица и опремата) | |
| 3.2. | Податоци за компонентите кои се нововградени | |
| 3.3. | Податоци за одобренијата за нововградените компоненти | |
| 3.4. | Податоци за одобренијата за претходно - основно (фабрички) вградените компоненти кои се заменети | |

Напомена: Кон потврдата се приложуваат документи за идентификација на одобренијата за нововградените компоненти и за одобренијата за основно (фабрички) вградените компоненти кои се заменети.

Датум на издавање Потпис

М.П.

________________ ________________